| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Играме и пееме во градинка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Миладинова Александра |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Одржување на личната хигиена во просторот и личните работи на детето.Објаснување на детето за значењето на хигиенските умеења и навики и стекнување навики за учество во одржување на општата хигиена. Може да се организира заедничка активност за средување на личните работи во плакарот на детето. |
| **Активности** | 1. Обработка на песната „Градинката наша“<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=t-f2ABaL1sc<br><br>Со детето се прават вежби за правилно дишење и земање воздух. Низ игра со балон, детето се обидува да дува и издишува балон неколку пати. Со помош на фотографии се води разговор за градинката, поврзан со содржината на песната и се објаснуваат непознатите зборови за детето. Потоа детето ја слуша песната и го изразува своето доживување на истата. Со повеќекратно слушање, детето се обидува да запомни и потпевнува делови од песната. Возрасниот ја следи активноста на детето и се вклучува во пеењето на песната.<br><br>-Игра – Препознај ја бојата.<br>На детето му се покажуваат основните бои: црвена, жолта и сина и се именуваат. Потоа му се даваат сликички на кои се нацртани балони со различни бои. Детето има задача да ги пронајде балоните кои се обоени со основните бои и да ги именува истите.<br><br>-Игра – Цртаме балони во боја.<br>На отворен простор во двор или на плочник детето црта со креди во боја балони со основните бои. |